**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Број: 08-47/2
03.01.2024 год.

Врз основа на член 123, став 1 и член 126, став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Службен весник на РСМ бр.89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по комплетно Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-742/7 од 03.11.2023 год. на Друштвото за производство и преработка на месо АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес со регистрирано седиште на ул. Благој Ѓорев бр.92 во Велес, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ

***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за производство и преработка на месо АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес со регистрирано седиште на ул. Благој Ѓорев бр.92 во Велес, за инсталацијата - Кланици со капацитет на производство на трупови поголеми од 5 т/ден, но помал од 50 т/ден и дел за обработка и за преработка наменети за производство на храна од животински суровини (освен млекото), со капацитет за производство на готови производи од 5 до 75 т/ден лоцирана на КП 15328/2, КП 15329, КП 15330, КП 15331/2, КП 15331/3, КП 15331/4, КП 15614/2, КП 15318 КО Велес, м.в. Бабуна општина Велес.

2 **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштвото за производство и преработка на месо АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес при користење и управување со инсталацијата да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-47/1 од 03.01.2024 год.

3 Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за производство и преработка на месо АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес со регистрирано седиште на ул. Благој Ѓорев бр.92 во Велес е Оператор на инсталацијата-Кланици со капацитет на производство на трупови поголеми од 5 т/ден, но помал од 50 т/ден и дел за обработка и преработка наменети за производство на храна од животински суровини (освен млекото), со капацитет за производство на готови производи од 5 до 75 т/ден лоцирана на КП 15328/2, КП 15329, КП 15330, КП 15331/2, КП 15331/3, КП 15331/4, КП 15614/2, КП 15318 КО Велес, м.в. Бабуна општина Велес.

Барателот/оператор на инсталацијата беше носител на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-1181/4 од 14.05.2009 год., Измена на Дозволата за усогласување со оперативен план бр. 13-1464/4 од 27.04.2011 год. со пропишани услови и мерки за усогласување.

Од страна на барателот доставено е Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.23-742/1 од 07.02.2023 год. до Надлежен орган.

Со допис Барање на мислење бр.23-742/2 од 13.02.2023 год. Општина Велес се обрати до Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со барање на мислење во врска со Надлежностите за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола заради предметната локација на инсталацијата која со своите катастарски парцели се наоѓа во границите на карактеристичен пејсаж (зашитено подрачје) на месноста Бабуна прогласено со Одлука на Советот на општина Велес бр.0701-1689/7 од 03.10.2001 год.

На 01.09.2023 год. општина Велес повратно е известена со Допис бр.23-742/4 дека предметното Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола треба да се процесира од Надлежните органи на општината заради тоа што не е извршено препрогласување и утврдување на граници и зони на карактеристичниот пејсаж Бабуна.

Врз основа на доставеното барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола претставник на Надлежниот орган Општина Велес, изврши посета/увид на локацијата на која се наоѓа инсталацијата заради утврдување на состојбата на локацијата и инсталацијата и проверка на податоците содржани во поднесеното барање за добивање на Б-Интегрираната еколошка дозвола и исполнување на условите и мерките од оперативниот план од дозволата за усогласување со оперативне план.

Од извршениот увид е изготвен и заверен Записник со фотодокументација бр.23-742/5 од 19.09.2023 год. во кој е утврдено од страна на Надлежниот орган дека условите во Дозволата за усогласување со оперативен план се исполнети како и мерките од оперативниот план, но наводите во барањето не се идентични во целост со фактичката состојба во инсталацијата и затоа е потребно да се измени и дополни предметното барање.

Врз основа на наводите во барањето и заверениот Записник од извршен увид во инсталацијата е донесен Заклучок за измена и дополнување на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 08-742/6 од 25.09.2023 год. заради негова некомплетност.

Од страна на барателот/операторот е доставено целосно и комплетно Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр.23-742/7 од 03.11.2023 год .

Во текот на спроведувањето на постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола дадено е право на засегнатата јавност, како и на Операторот да се произнесе за условите и мерките од Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Бидејќи Операторот ги исполува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, а по претходно спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, утврдена во член 126 и член 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Службен весник на РСМ бр.89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение Операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решениeто.

***Доставено до:***

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изготвил: Даниела Петковска
Одобрил: Петре Цилаков